**XXIX К.бр.116/15**

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ,** како првостепен кривичен суд преку судијата Илија Трпков, како судија поединец, со записничар Марија Ангеловска – судски работник, постапувајќи по обвинителниот предлог на ОЈО од С. КО 5 бр. 701/14 од 29.12.2014 година, против обвинетиот Б.Ј. од С., за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл. 300 ст.4 в.в. со член 297 ст. 3 в.в. со ст. 1 од КЗ, по одржаната главна, јавна и усна расправа, во присуство на Јавниот обвинител во ОЈО С. – Елица Илиевска, обвинетиот Б.Ј. со бранител Еленко Миланов адвокат од С., согласно член 381 од ЗКП, (Сл.весник на РМ бр.150 од 18.11.2010 година), на ден 25.03.2015 година, ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**
**- ВРЗ ОСНОВА НА ПРИЗНАНИЕ НА ВИНА -**

**ОБВИНЕТИОТ:**

**Б. Ј. со ЕМБГ ...,** од татко М., мајка Х., роден на ... година во С., каде и живее на ул. ,,.....“ бр....., со завршено средно образование, невработен, неженет, Албанец, државјанин на РМ, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

**В И Н О В Е Н  Е**

**ЗАТОА ШТО:**

На 11.05.2014 година, во 15,40 часот, како учесник во сообраќајот на јавните патишта, по десната сообраќајна лента од својата десна коловозна лента од ул. ,,Ѓорче Петров“ во С., во насока од запад кон исток, управувал ПМВ ,,Голф“ СК-7944-АД, сопственост на И. Т., при што не се придржувал кон сообраќајните прописи, постапувајќи спротивно на чл.37 ст.1, чл.127 ст.3 и чл. 319 ст.1 од ЗБСП, со тоа што возилото го управувал со неисправни уреди – технички неисправна работна сопирачка и со брзина од 40 км/час, која не била адекватна на конкретната сообраќајна ситуација, со оглед да наидувал на обележан пешачки премин и иако бил должен кон таквиот пешачки премин се доближувал со недоволно умерена брзина за по потреба и да го запре своето возило, за да ги пропушти и не ги загрози пешаците кои стапиле на обележаниот пешачки премин, иако бил свесен дека поради таквиот начин на управување на возилото, може да настапи штетна последица, но лекомислено сметал дека таа нема да настапи, со што го загрозил јавниот сообраќај и го довел во опасност животот на луѓето, па како резултат на наведеното непрописно управување на возилото, кога со истото дошол во близина на обележаниот пешачки премин, не го пропуштил пешакот што се движел на обележаниот пешачки премин, па најпрво со капакот од моторот, а потоа со предното ветробранско стакло и покривот од возилото што го управувал, удрил во телото на сега покојниот С. Ј., кој како пешак, коловозот од ул. ,,Ѓорче Петров“ на кој стапнал од

велосипедската патека што се наоѓа од десната страна до коловозот, го преминувал на обележаниот пешачки премин, со потрчување, од десно кон лево, гледано во насоката на движење на возилото на обвинетиот, а во моментот на ударот, кон возилото бил свртен со левиот страничен дел од телото, од кој удар и пад на коловозот задобил тешки телесни повреди, изразени во вид на повеќекратни скршеници и хематоми кои резултирале со нагмечување на мозокот, кое нагмечување предизвикало пореметување и престанок на важно виталните центри, поради кои настапила смрт кај сега покојниот С. Ј. на ден 14.05.2014 година, во 7,30 часот на Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување при Ургентен центар С..

Со горните дејствија обвинетиот Б.Ј. сторил кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл. 300 ст.4 в.в со чл. 297 ст.3 в.в со ст.1 од КЗ, па согласно цитираните членови како и членовите 4, 7, 29, 30, 31, 32, 39, 48, 48-а, 49 и 50 од КЗ, судот на обвинетиот му изрекува алтернативна мерка:

**У С Л О В Н А  О С У Д А**

Така што му утврдува КАЗНА ЗАТВОР во траење од 2 – ДВЕ ГОДИНИ и истовремено определува дека вака утврдената казна затвор нема да се изврши доколку обвинетите во рок од 5 - ПЕТ ГОДИНИ сметано од денот на правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

Согласно чл 102 и 105 од ЗКП, обвинетиот Б.Ј. се задолжува да плати на име кривичен судски паушал износ од 2.000,00 денари на жиро сметка 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен суд Скопје 1, депонент НБРМ, како и да ги надомести трошоците на кривичната постапка во вкупен износ од 77.570,00 денари, се во рок од 15 дена сметано од денот на правосилноста на пресудата, а под страв на присилно исполнение.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

ОЈО С. до овој суд поднесе обвинителен предлог КО 5 бр. 701/14 од 29.12.2014 година, против обвинетиот Б.Ј. од С., за кривично дело – Тешки дело против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од чл. 300 ст.4 в.в. со чл. 297 ст. 3 в.в. со ст. 1 од КЗ.

Постапувајќи по поднесениот обвинителен предлог, судот на ден 25.03.2015 година, закажа и одржа главна, јавна и усна расправа во присуство на Јавниот обвинител од ОЈО С. – Елица Илиевска, обвинетиот Б.Ј. и неговиот бранител Еленко Миланов адвокат од С., како и полномошникот на оштетените, Бранко Кузмановски адвокат од С..

По изнесувањето на содржината на обвинителниот предлог од страна на Јавниот обвинител и наводите на полномошникот на оштетените Бранко Кузмановски адвокат од С., дека оштетените имотно - правното побарувања ќе го остварат во парнична постапка против осигурителното друштво, обвинетиот Б.Ј. даде изјава за признавање на вина.

Откако судот, согласно чл.381 ст. 2 од ЗКП, утврди дека признанието на вина на обвинетиот е доброволно и дека истиот е свесен за правните последици од признанието на вината, за последиците поврзани за имотно - правното побарување и трошоците на кривичната постапка, судот со оглед на ваквата изјава на обвинетиот, согласно чл.381 ст.3 од ЗКП, ги изведе доказите кои се однесуваат на одлуката за кривичната санкција и тоа: извод од крим евиденција на име на обвинетиот Б.Ј. од 04.08.2014 година, извод од крим евиденција по сообраќај на име на обвинетиот бр.29.3/1–сл од 17.07.2014 година, како и увид во личните податоци на обвинетиот содржани во обвинителниот предлог на ОЈО С. КО5 бр. 701/14 од 29.12.2014 година, потврдени и дополнети од обвинетиот на главната расправа.

Со оглед да по објавување на пресудата, Јавниот обвинител Елица Илиевска, обвинетиот Б.Ј. и неговиот бранител како и оштетените и нивниот полномошник, во смисла на чл.412 и чл. 408 ст.9 од ЗКП, се одрекоа од правото на жалба на пресудата и не побараа писмена изработка на истата, пресудата веднаш стана правосилна и истата не содржи образложение.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ**
**XXIX К.бр.116/15 од 25.03.2015 година**

Записничар — **С у д и ј а,**
Марија Ангелевска с.р. — **Илија Трпков с.р.**

**ДН:**

- ОЈО С.
- Обвинетиот Б.Ј.
- бранител Еленко Миланов – адвокат од С.
- полномошник на законските наследници на покојниот С. Ј. – Бранко Кузмановски адвокат од С.

**НАПОМЕНА:** Пресудата XXIX К.бр. 116/15 од 25.03.2015 година е правосилна со денот на нејзиното донесување и објавување, со оглед да странките се откажаа од правото на жалба и не побараа писмено образложение на истата.